Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Република Северна Македонија
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
Republica e Maqedonisë së Veriut
KËSHILLI I INSPEKTORIATEVE
Бр./Nr: 01-638/1
25.07. 2019 год./viti.
Скопје - Shkup

# НАЦРТ СТРАТЕШКИ ПЛАН НА ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ ЗА 2020–2022 ГОДИНА

Јули 2019

ул. Даме Груев бр. 3, блок 2, локал 5, 1000 Скопје

# I МИСИЈА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ

Мисијата на Инспекцискиот совет е обезбедување владеење на правото, заштита на правата на граѓаните, унапредување на заштита на здравјето и животот на луѓето, заштита на животната средина и унапредување на конкурентен економски амбиент, во рамките на делокругот на неговата работа.Со донесувањето на новиот Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 102/19) дополнителна мисија е да се воведе нов концепт на инспекциски надзор преку планирање врз основа на процена на ризик и воедначено вршење на инспекцискиот надзор и воспоставување на информациски систем за инспекциски надзор кој ќе биде целосно интегриран во информацискиот систем на државната управа, односно преку платформата за интероперабилност ќе биде поврзан со другите информатички системи со кои ќе може да се разменуваат податоци и информации. Ова мисија има за цел да се постигне поголема транспарентност ,предвидливост и правна сигурност на субјектите на надзор, но и да се унапредат механизмите за вршење на инспекциски надзор.

Својата мисија,Инспекцискиот совет ја остварува, пред се, преку целосно и доследно спроведување на законската и подзаконската регулатива во областите од делокругот на неговата работа, обезбедувајќи нејзин тренд со современите потреби и реформски текови во Република Северна Македонија.

# II ВИЗИЈАИ ВРЕДНОСТИ

## II.1 Визија

Модерен, функционален и ефикасен инспекциски систем, кој се потпира на најдобритенационални и меѓународни практики, во кој веруваат и граѓаните и економските оператори во Република Северна Македонија.

## II.2 Вредности

Основните принципи во работењето на Инспекцискиот совет, се темелат на неколку вредности чие што најшироко прифаќање од сите заинтересирани страни гарантира успешност. Тие вредности се следните:

- Транспарентност
- Отчетност
- Сигурност
- Партнерство

- Општествена одговорност
- Учество на јавноста
- Почитување на законите
- Зелена индустрија
- Здрава популација

# III ОПИС НА ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ

## III.1 Организација

Инспекцискиот совет го сочинуваат претседател и шест членови, одговорни за следните области:

1. Пазар, работни односи и безбедност и здравје при работа;
2. Животна средина и заштита на здравје на луѓето;
3. Градежништво, урбанизам, комунални работи и транспорт;
4. Земјоделство, шумарство, ветеринарство и безбедност на храна;
5. Образование, наука и култура; и
6. Управа

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација, за поддршка на работењето на членовите на Инспекцискиот совет, функционира и стручно-административна служба,организирана во еден сектор со три одделенија и два државни советника, како што е прикажано на Слика 1.Вака организирана, службата, со која раководи генерален секретар, има систематизирани 25 работни места.




Слика 1.Органограм на Инспекциски совет

Важно е да се напомене дека до крајот на 2019 година, по отпочнувањето на примената на новиот Закон за инспекциски надзор ( „Службен веник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), Инспекцискиот совет ќе донесе нови подзаконски акти на организација и систематизација , со кои горенаведениот органограм ќе биде целосно изменет.

## III.2 Надлежност

Делокругот на работа на Инспекцискиот совет согласночлен 18 од Законот за инспекциски надзор ( „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), кој ќе отпочне да се применува на крајот од 2019 година, вклучува:

1) следење и координирање на работата на инспекциските служби организирани како органиво состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав надруги органи на државната управа;

2) грижа за примената на меѓународно признатите стандарди за инспекциски надзор пропишани од меѓународните, европските и регионалните организации за стандардизација,како и за стандардите и другите стандардизациски документи кои ја сочинуваатнационалната стандардизација, како и правилата на добра практика кои ги применувасубјектот на инспекциски надзор;
3) давање писмена согласност на годишниот план за инспекциски надзор наинспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата иорганизациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;
4) давање мислење на методологиите за процена на ризик донесени од инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единициза инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;
5) давање мислење на шестмесечните извештаи за инспекциски надзор на инспекциситеслужби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единициза инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;
6) давање мислење на предлозите на законите и подзаконските акти од областа на инспекцискиот надзор;
7) донесување на насоки за изготвување на актите за внатрешна организација и систематизација на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациските единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа, врз основа на кои Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност;
8) подготвување на годишен извештај за работа на инспекциските служби организирани какооргани во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор восостав на други органи на државната управа, кој го доставува до Владата;
9) издавање на налог за вршење на поединечен и заеднички инспекциски надзор, на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;
10) донесување на програма за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор;
11) донесување на програма за испит за лиценца за инспектор - општ дел и го организира испроведува општиот дел од испитот за лиценца за инспектор;
12) издавање и одземање на лиценца за инспектор;

13) развивање на политики за управување со учинокот на инспекторите и ја следи успешноста нанивното работење;
14) креирање на единствена рамка за развој и управување со инспекторите во инспекциситеслужби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единициза инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;
15) воспоставување и одржување на систем за стручно усовршување и обука на инспектори воинспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата иорганизациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државнатауправа;
16) донесување и спроведување на годишна програма за генеричка обука на инспекторите воинспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата иорганизациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државнатауправа;
17) донесување на стратешки план, годишен план за работа и годишен извештај за работа наСоветот;
18) воспоставување и одржување на регистри и информациски систем за управување соинспекцискиот надзор;
19) постапување по претставки од физички и правни лица, поврзани со работата на инспекторите, инспекциските служби и/или субјектите на инспекциски надзор;
20) поднесување на предлог за разрешување на директор на инспекциска служба;
21) поднесување на иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност на инспектор;
22) спроведување на меѓународна соработка во областа на инспекциски надзор.

## III.3 Инспекциски служби

Во Регистарот на инспекциски служби кои се во надлежност на Инспекцискиот совет, заклучно со август 2017 година, регистрирани се 28 инспекциски служби, од кои 14 функционираат како инспекторати со статус на правно лице и 14 инспекциски служби кои функционираат како организациски единици во други органи на државната управа, како што е прикажано во табелата подолу:

| ИНСПЕКТОРАТИ | | ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ | |
|---|---|---|---|
| 1 | Државен пазарен инспекторат | 1 | Агенција за храна и ветеринарство |
| 2 | Државен инспекторат за техничка инспекција | 2 | Дирекција за заштита и спасување |
| 3 | Државен инспекторат за труд | 3 | Дирекција за радијациона сигурност |
| 4 | Државен девизен инспекторат | 4 | Управа за заштита на културно наследство |
| 5 | Државен инспекторат за животна средина | 5 | Управа за сигурност во железничкиот сообраќај |
| 6 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 6 | Центар за управување со кризи |
| 7 | Државен инспекторат за земјоделство | 7 | Министерство за труд и социјална политика |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | Државен инспекторат за шумарство и ловство | 8 | Агенција за лекови и медицински средства |
| 9 | Државен инспекторат за транспорт | 9 | Дирекција за безбедност на класифицирани информации |
| 10 | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам | 10 | Агенција за млади и спорт |
| 11 | Државен комунален инспекторат | 11 | Министерство за транспорт и врски |
| 12 | Државен просветен инспекторат | 12 | Министерство за култура |
| 13 | Државен управен инспекторат | 13 | Министерство за здравство-Сектор за хемикалии |
| 14 | Државен инспекторат за локална самоуправа | 14 | Државен архив на Република Северна Македонија |

Во овие 28 инспекциски служби, утврдени се 45 видови инспектори и околу900 инспектори кои вршат инспекциски надозор. Инспекциските служби се надлежни за контрола на примената на над 200 закони и подзаконски акти кои произлегуваат од истите. Централните управи на сите инспекциски служби се со седиште во Скопје и со подружници во 30 други населени места во Република Северна Македонија. Административната поддршка, како и техничката и ИКТ опременост на инспекциските служби, генералное несоодветна, а вкупниот годишен буџет на инспекциските служби за 2018 година изнесува околу една милијарда денари.

Со отпочнувањето на примена на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19) кон крајот на 2019 година, согласно член 2 став 4 од истиот закон Дирекцијата за безбедност за класифицирани информации ќе биде изземена од ингеренциите на Инспекцискиот совет, но од друга страна согласно Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 7/19) и Предлог Законот за државен инспекторат за употреба на јазиците под ингеренции на Инспекцискиот совет ќе потпадне и државниот инспекторат за употреба на јазиците.

## IV СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ

Главните развојните цели на Инспекцискиот совет, произлегуваат од неговите законски надлежности. Во наредниот тригодишен период, Инспекцискиот совет ќе се фокусира на подобрување и на целосно и доследно спроведување на законската регулатива за инспекциски надзор, реорганизација на инспекцискиот систем преку оптимизација на инспекциските служби за овозможување на ефикасно и ефективно и економично работење на истите, како и на сопственото

доизградување и зајакнување на капацитетите за вршење на законските надлежности.

Во овој контекст Инспекцискиот совет има поставено пред себе повеќе среднорочни и краткорочни стратешки цели, кои треба да бидат реализирани во периодот 2020-2022 година. Тие се:

1. Следење на спроведувањето на законските прописи за инспекциски надзор
   - Постојано следење на целосната примена на Законот за инспекциски надзор и усогласеноста на матријалните закони со Законот за инспекциски надзор, следејќи ги најдобрите домашни и меѓународни практики, во контекст на активностите што се преземаат во процесите на ЕУ и НАТО интеграции
   - Хармонизирање и поедноставување на регулативата во доменот на инспекциски надзор, особено преку целосна имплементацијана новиот Закон за инспекциски надзор („СВРМ" бр.102/19)
   - Засилување на улогата на Инспекцискиот совет, особено во коориднацијата на инспекциските служби, надгледувањето на целокупниот процес на имплеменатација на новиот систем за планирање на надзори преку анализа на ризик и вршење на надзори со употреба на листи за проверка и во спроведувањето на обуките за инспекторите.

2. Понатамошно унапредување на воспоставените системи координација и соработка и етаблирање на Инспекцискиот совет како совесен и непристрасен арбитер во овие системи, вклучувајќи ги:
   - системот за обука на инспекторите
   - системот за проверка на знаењето и лиценцирање на инспекторите
   - информациски систем за инспекциски надзор

3. Зајакнување на Инспекцискиот совет како проминентен и доверлив спроведувач на хоризонталната координација на инспекцискиот надзор и обезбедување на целосно разбирање (медиумско/јавно/политичко) на неговата улогаи значење во процесот на реформата на јавнатаадминистрација
   - Зајакнување (квантитативно и квалитативно) на организациската поставеност на Инспекцискиот совет
   - Воспоставување на програми за вработените во Инспекцискиот совет, за систематско развивање на нивните вештини, знаења и однесување, потребни за исполнување на среднорочните и долгорочни цели
   - Одржување и развој на стратешки партнерствасо релевантни заинтересирани страни, вклучувајќи ги инспекциските служби, министерствата и други државни органи, стопанските комори, невладиниот сектор и меѓународнатазаедница.

# V НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ

Стратешките цели и приоритети за периодот 2020-2022 година ќе се реализираат низ повеќе активности:

- Воведување процедури за преземање дејства и постапување по примени информации
- Пристапување кон меѓународни организации и асоцијации поврзани со инспекциски служби и развој на билатерална соработка
- Институционализацијана соработката со бизнис заедницата, асоцијации на потрошувачи и други граѓански здруженија
- Утврдување места изложени на ризик од корупција при инспекциски надзор
- Анализа на законите каде што е предвиден инспекциски надзор, со цел нивна хармонизација и поедноставување
- Воспоставување на центар за обуки на инспекторите / Воспоставување на соработка со Академијата за обука на МИОА
- Редовно ажурирање на електронските бази на прашања од испитот за инспектор
- Развој на информациски систем за инспекциски надзор (е-инспекторати)
- Зголемување на квантитативниот и квалитативниот состав на стручната служба на Инспекцискиот состав
- Обука на вработените во стручната служба

# VI ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ

## VI.1 2018 година

Постапувајќи во рамките на законските надлежности, Инспекцискиот совет во период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година одржа 67 седници, од кои 42 редовни, 12 вонредни и 13 јавни.

Согласно член 19-г став 2 од Законот за инспекциски надзор во текот на 2018 година, од страна на Инспекцискиот совет беше формирана Комисија за подготовка и верификација на прашањата од првиот дел на испитот и на студиите на случаи од вториот дел на испитот и ревизија на спроведување на испит за инспектор со нови членови и нов мандат од една година која превзема активности во насока на замена на најмалку 30% прашања од првиот дел од испитот и прашањата и студиите на случај од вториот дел на испитот како и нивна верификација. Комисијата, изврши верификација на резултатите од спроведениот испит за инспектор за првата, втората и третата испитна сесија во 2018 година. Во

текот на 2018 година базите со материјалите за полагање на испит за инспектор беа ажурирани со нови прашања и студии на случај.

Во однос на полагањето на испит за инспектори беа одржави три испитни сесии, и врз основа на остварените резултати од полагањата Инспекцискиот совет во 2018 година издаде вкупно 212 лиценци за инспектор.

Во текот на 2018 година по сила на закон, Советот одзема осум лиценци за инспектор (една лиценца е одземена поради смрт и седум лиценци поради исполнување на услови за пензионирање.

Во однос на дисциплинската одговорност на инспекторите, Инспекцискиот во 2018 година постапуваше по вкупно 12 предмети за водење на дисциплинска постапка и тоа против 4 инспектори од Државен инспекторат за земјоделство , 1 инспектор од Државен инспекторат за животна средина, 2 инспектори од Агенција за храна и ветеринарство , 1 инспектор од Државен инспекторат за труд , 2 инспектори од Дирекција за заштита и спасување и 2 инспектори од Државен просветен инспекторат , од кои 11 резултираа со ослободување од дисциплинска одговорност, додека во однос на една дисциплинска постапка инспекторот беше најден за дисциплински одговорен.

Во текот на 2018 година Инспекцискиот совет издаде вкупно 82 налози за вршење на инспекциски надзор, од кои во 34 случаи се утврдени неправилности кај субјектот кој бил предмет на надзорот.

Исто така, разгледани се 204 претставки, од кои 79 се однесуваат на работата на инспекторите, 107 беа барања за инспекциски надзор, додека 3 претставки се препратени во надлежност на друг државен орган, во однос на 2 претставки се побарани дополнителни податоци, а за 10 претставки е констатирано дека се неосновани или некомплетни.

Инспекцискиот совет во рамките на постоечкиот проект за „Модернизација на инспекциските служби", финансиран од УСАИД, а предводен од Министерството за информатичко општество и администрација подготви нацрт текст на новиот Закон за инспекциски надзор, кој на 22.5.2018 година, е презентиран пред претставниците на сите инспекциски служби. Министерството за информатичко општество и администрација организираше јавна расправа за предлог Законот за инспекциски надзор во која активно беа вклучени и претставници на Инспекцискиот совет. Јавна расправа за новиот предлог Закон за инспекциски надзор беше одржана и со претставници на четирите Стопански комори на Република Северна Македонија (Сојуз на стопански комори, Стопанска комора на Северна Македонија, МАСИД и Стопанска комора на северозападна Северна Македонија).

Во организација на Проектот, од 13 до 14 јуни 2018 година, македонска делегација, предводена од Претседателот на Инспекцискиот Совет реализираше работна

посета во Белград, Република Србија со цел остварување на работна средба и учество на седница на Координационата комисија за инспекциски надзор на Владата на Република Србија. Целта на оваа работна посета беше размена на искуства и практики во однос на координацијата на инспекциските служби, како и размена на искуства во однос на законодавството за инспекциски надзор. Двете страни се согласија оваа соработка да се интензивира и да се разгледа можноста за склучување на билатерален Меморандум за разбирање во областа на инспекциските служби.

Инспекцискиот совет учество зема и на конференција која беше одржана во Тирана на тема инспекциски реформи и беше одржан состанок со претставници на Светската Банка.

Во 2018 година, Советот со поддршка на УСАИД Проектот интензивно работеше на реализација на три проекти од поголем обем, кои се од круцијално значење за целокупниот инспекциски систем во Република Македонија и тоа:

- Изработка на преглед и анализа на ИКТ структура, чија имплементација има за цел зголемување на ефикасноста и ефективноста на работењето на инспекциските служби, преку воведување на електронски уреди и специјализирани софтверски решенија во нивните секојдневни работни активности, од кои како финален продукт би произлегол електронскиот систем е-Инспекција, како глобален електронски систем на ниво на Република Македонија.

- Организирање на обука за Методологија за спроведување на функционална анализа на која учество земаа сите инспекциски служби. Функционална анализа е алатка која овозможува да се идентификуваат слабостите и недостатоците во организациската структира, како и да се даде патоказ како истата да се оптимизира, за која а ќе им овозможи на инспекциските служби самостојно да спроведуваат функционални анализи и да воспостават една организациска структура и систематизираат работни места кои одговараат на реалните потреби.

- Спроведување на 13 обуки на тема „Закон за општа управна постапка во вршење на инспекциски надзор“.

Во однос на соработката со меѓународни институции, Инспекцискиот совет одржа средби со претставници на Светска Банка и Европска Бака за обнова и развој, на кои е разговарано за улогата на Инспекцискиот совет и предизвиците со кои се соочуваат инспекциските служби во Република Северна Македонија, како и планираните реформи во целокупниот инспекциски систем и можноста за обезбедување на финаниска и техничка помош при спроведување на реформите и набавка на софтверско решениезаинспекцискитеслужби.

## VI.2 VI.2. 2019

Постапувајќи во рамките на законските надлежности, Инспекцискиот совет во првата половина на 2019 година (заклучно со 118 седница), одржа 32 седници, од кои 16редовни, 10 вонредни и 6 јавни.

Советот разгледа и одобри, односно издаде согласност на 12 (дванаесет) Правилници за внатрешна организација и систематизација на работните места на инспекциските служби разгледани на редовни и вонредни седници.

Согласно член 19-г став 2 од Законот за инспекциски надзор во текот на 2019 година, од страна на Инспекцискиот совет беше формирана Комисија за подготовка и верификација на прашањата од првиот дел на испитот и на студиите на случаи од вториот дел на испитот и ревизија на спроведување на испит за инспектор со нови членови и нов мандат од една година која превзема активности во насока на замена на најмалку 30% прашања од првиот дел од испитот и прашањата и студиите на случај од вториот дел на испитот како и нивна верификација.

Комисијата изврши верификација на резултатите од спроведениот испит за инспектор за првата испитна сесија во 2019 година.

Во однос на полагањето на испит за инспектори беше одржана една испитна сесија (во месец Февруари-Март), Ии како резултат на положениот испит, Советот издаде вкупно 103 лиценци за инспектори.

Во текот на месец јуни беше објавен и вториот јавен повик за втора испитна сесија за полагање на испит за инспектор за 2019 година, на која учество земаа вкупно 93 кандидати од кои 6 се одбиени со Решение поради неисполнување на услов за полагање. Испитот ќе се одржи на 15 и 16 јули 2019 година.

Во однос на дисциплинската одговорност на инспекторите, Инспекцискиот совет во првата половина на 2019 година разгледа вкупно 5 предлози, од кои четири резултираа со ослободување од дисциплинска одговорност, а една е се сеуште во тек.

Согласно своите со закон утврдени надлежности Инспекцискиот совет постапи по 119претставки и издаде 34 налози (64 задолжени инспекциски служби) за инспекциски надзор во досегашниот период од 2019 година.

На 22.05.2019 во Сл.весник на Република Северна Македоинија бр. 102/2019 беше објавен новиот Закон за инспекциски надзор кој ќе почне да се применува од 30.112019 година. Поради потребата да се изготват подзаконски акти согласно новиот Закон за инспекциски надзор, Инспекцискиот совет со решенија формираше Работно тело за следење на процесот за изработка на подзаконски

акти и Работна група за изработка на подзаконски акти согласно Законот за инспекциски надзор (Сл.весник на Р.Сверна Македонија 102/2019).

Согласносвоитезаконскинадлежности, Инспекцискиотсоветвосоработкасо Министерствотозаинформатичкоопштество и Проектотна УСАИД замодернизацијанаинспекциските служби (имплементиранод ИДЕАС ДеПо) вонасоканастручнотоусовршувањенаинспекторите, месецфевруарии март 2019 реализираше 28 еднодневнигенералниобукизаинспекторитевоРепубликаСевернаМакедонија, натема „Методологијазавршењенаинспекцискинадзор и личнивештини".

Со поддршка на тековниот проект на УСАИД до крајот на 2019 година се очекува да се реализираат следниве активности:

1. Подготовка на подзаконски и други акти врз основа на новиот Закон за инспекциски надзор и тоа:

- Правилник за елементите на проценка на ризик и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценка на ризик – во оваа насока, Проектот на УСАИД заедно со ИС контактираа и со ЕУ како донатор, а сé со цел да се разработи една детална, функционална методологија за проценка и управување со ризици, како основа на планирањето на инспекциските надзори. Исто така ќе бидат разгледани и сите дополнителни можности за размена на искуства со земји од регионот и/или ЕУ, во сите области од интерес на ИС

- Правилник за видот, формата и содржината на информацискиот систем за инспекциски надзор

- Упатство за начинот и постапката на спроведување на инспекциски надзор – со развивање на ова Упатство, целта е да се униформира целокупната постапка на инспекциски надзор од почеток до крај, да се пропише начинот на целокупно документирање на надзорот, преземените чекори и резултатите од надзорот, со цел да се обезбеди правна сигурност за субјектите на надзор од една страна, да се олесни самата постапка за инспекторите од друга страна, како и да се овозможи систематско прибирање на податоци од инспекциските надзори кои понатаму ќе бидат користени од ИС и инспекциските служби при планирањето на нови надзори, анализи, судски постапки, итн.

- Правилник за формата и задолжителните елементи на записник од извршен инспекциски; Правилник за формата и содржината на решението за изрекување мерка

- Упатство за подготовка на листи за проверка за инспекциските служби

Подзаконските акти се во почетна нацрт-фаза и ќе ја следат динамиката пропишана со Закон за нивно донесување и соодветна и навремена презентација на органите кои треба да ги применуваат.

2. Упатството за подготовка на листи за проверка е веќе изработено и донесено од Инспекцискиот совет на 05.06.2019 година. Во периодот од 1-ви до 4-ти јули 2019 во просториите на Инспекцискиот совет одржани се обуки со претставници од инспекциските служби кои ќе бидат дел од тимовите за изработка на листи за проверка. Дополнително, Проектот изработи и урнек на три листи за проверка кои треба да им послужат на инспекциските служби поефикасно да ги разработат листите за проверка во своите области.

3. Составување на насоки за усогласување на материјалните закони со новиот ЗИН и презентација на насоките на инспекциските служби – како поддршка за инспекциските служби, а со цел униформирана примена и усогласување со новиот ЗИН, проектот и ИС ќе изработат насоки за усогласување на материјалните закони со новиот ЗИН

4. Функционална анализа на Инспекциски совет – имајќи ја во предвид недоволната екипираност (непополнетост на работните места согласно тековната систематизација) на Инспекцискиот совет за извршување на законски пропишаните надлежности и обврски, а особено со донесувањето на новиот ЗИН и проширувањето на надлежноста на ИС во насока на обезбедување подготвителна и континуирана едукација и надградба на инспекторите и кандидатите за инспектори, во тек е функционална анализа на ИС која треба да даде препораки за соодветна внатрешна (ре)организација на оваа институција. Врз основа на тоа, ќе биде изработена и нова систематизација, планови за вработување, итн., со цел да се постигне максимална можна функционалност и ефикасност на Инспекцискиот совет.

5. Генерална програма за обуки на инспекциските служби - Преку овие обуки се очекува да се хармонизираат и стандардизираат општите инспекциски практики преку дискусии и обуки. Врз основа на наодите и препораките од спроведената анализа за потребите од обуки на инспекциските служби се дојде до заклучок дека голем број од инспекторите, дури и оние искусни иснпектори, сметаат дека нивна најголема слабост се недостатокот на обуки. Општата програма за обуки ќе ги опфати сите 28 инспекторати.

6. Стратегија за обука и градење на капацитети на инспекциските служби – Со оваа стратегија ќе се развие одржлив модел на обуки за државните

инспектори. Исто така со оваа активност, МИА проектот ќе помогне во долгорочното стратешко планирање во рамките на Инспекцискиот совет, со цел да се развие четиригодишна Стратегија за обука и градење на капацитетите на инспекциските служби 2020-2024. Стратегијата генерално ќе биде вклучена во изготвувањето на "Бизнис план за основање на одржлив и функционален центар за обуки за државните инспектори", како и "Развој на Стратегијата за државните инспекциски органи за периодот 2020-2024. Врз основа на оваа Стратегија, Проектот заедно со ИС ќе развие Акциски план за првата година која ќе биде опфатена со Стратегијата, а воедно и ќе поддржи дел од активностите предвидени со тој Акциски план.

7. Развивање на пилот софтвер за инспекциско работење (информациски систем) – по спроведедните анализи на состојбата со ИКТ во инспекциските служби, Проектот во консултации со ИС пристапи кон развој на Концепт за информациски систем за инспекциско работење кој беше споделен и дискутиран со сите заинтересирани чинители, особено со МИОА како носител на решенијата за е-влада. Врз основа на тој Концепт, Проектот во рамките на своите буџетски средства, ќе поддржи развој на пилот софтвер (прва фаза од имплементација на целокупниот систем) кој во обем ќе покрие околу 10% од системот (сметано според број на инспекциски служби, корисници на системот, итн.). во оваа пилот фаза, ќе бидат разработени неколку модули (Планирање на инспекциски надзор врз основа на проценка на ризик, Инспекциски надзор со сите чекори според Закон и IT helpdesk – интеграција на ИТ услугите за инспекциските служби) кои треба да го покажат ефикасното функционирање на ваков систем и потребата за негова целосна имплементација.
8. Стратегија за комуникација – Проектот во соработка со ИС планира да изработи и соодветна Стратегија за комуникација која ќе ги покрие сите аспекти и канали на комуникација, како внатрешно, во самата институција, меѓуинституционално, но и комуникација со јавноста во врска со активности од делокругот на ИС и инспекциките служби. По развој на Стратегијата, Проектот заедно со ИС ќе развие Акциски план за првата година која ќе биде опфатена со Стратегијата, а воедно и ќе поддржи дел од активностите предвидени со тој Акциски план.

## VII ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Остварувањето на предвидените цели и приоритети на Инспекцискиот совет се во директна зависност со бројот и структурата на службеници вработени во стручно –

административната служба. Како што е изнесено погоре, бројот на службеници вработени во службата заклучно со 05 јули 2019 година достига ниво од 38% од предвидените 25 работни места според важечката систематизација.

Според тоа јасно е дека со ваков потенцијал на човечките ресурси, не може да се очекува успешно спроведување на стратешките определби на Инспекцискиот совет во наредниот тригодишен период, особено имајќи го во предвид бројот на инспекциските служби над кој надлежност има Советот, како и огромниот број на закони и подзаконски акти по кои инспекциските служби поставуваат.

Со оглед дека е донесен нов Закон за инспекциски надзор ( „Службен Весник на Република Северна Македонија“ 102/19), со кој во голема мера се менуваат и дополнуваат надлежностите на Инспекцискиот совет, на почетокот на втората половина од 2019 година Советот формираше работна група за изработка на функционална анализаврз основа на која ќе бидат димензионирани вкупните потреби од човечки ресурси во наредниот период, при што до крајот на 2019 година се планира да се донесат нови акти за организација и систематизација на работните места во Инспекцискиот совет.